

# По што е енцикл... прва национална...

### ЈОВАН ПАВЛОВСКИ: ИЗЈАВАТА НА АКАДЕМИК РИСТОВСКИ ГИ НАВРЕДУВА СТОТИНАТА АВТОРИ НА МИАНОВИТЕ ЕНЦИКЛОПЕДИИ, ГЛАВНО, МЛАДИ

ПИШУВА: **ЈОВАН ПАВЛОВСКИ**

Почитуван г. Блаже Ристовски,

Ќе се обидам да Ти поставам некои принципиелни прашања иницирани од Твоето интервју во „Глобус“ (број 97, февруари 2009). За жал, нашето новинарство денес е на такво ниво, што новинарите оставаат самите автори да расчистуваат дали четиритомната енциклопедија на МИ-АН е само општа енциклопедија или лексикон, а двотомната енциклопедија (сè уште, неизлезена) на МАНУ е прва национална енциклопедија. Мислам дека прашањето не е само прашање на моја и Твоја суета, туку многу повеќе од тоа: енциклопедиите, воопшто, па и четиритомната Мианова општа и македонска енциклопедија, чиј редактор сум јас, и, сè уште, неизлезената двотомна национална енциклопедија на МАНУ, под Твоја редакција, ја определуваат граничната линија меѓу фолклорот и поединечните сознанија на некои научни дисциплини, од една страна, и утврдените научни сознанија, факти и состојби, од друга. Безразлично колку се присутни и големи Миановата суета или суетата на МАНУ (Библијата: сè е само суета!) која енциклопедија е прва и национална, сепак, зад овие, пред сè, лични и периферни прашања, стои основното прашање: дали се тоа научни дела, или набрзина стокмени неавторитетни книги? Во науката не се прави некоја поизразита разлика меѓу енциклопедија и лексикон. Па дури и Англичаните не ја прават таа разлика: МИ-АН пред шест- седум години ги издаде (во превод на македонски) капиталните енциклопедии на големите англиски издавачи Оксфорд, Макмилан и Блеквел: Блекверовата енциклопедија на политичката мисла од Давид Милер, Концизен оксфордски речник на политиката од Иан Маклин, Оксфордски речник по социологија од Гордон Маршал и значајната енциклопедија на издавачката куќа Макмилан Речник на модерната економија. Од насловите може да се заклучи дека големите англиски издавачки куќи, па и самите автори, значајни научни работници, воопшто, не прават разлика меѓу поимите енциклопедија и речник. А во интервјуто, почитуван Блаже, Ти правиш напор да докажеш дека двотомната енциклопедија што МАНУ ќе ја издаде е првата национална енциклопедија, а дека четиритоната Мианова енциклопедија на г. Јован Павловски е само општа! Морам да Те дополнам: четиритомната Мианова енциклопедија е општа и македонска, и дека илустрираната општа и македонска Мианова енциклопедија има околу 36.000 одредници, од кои околу 16.000 се исклучително на македонска тема, при што голем дел од одредниците за првпат научно и енциклопедиски се обработени, и претставени на јавноста.




По што е енциклопедијата на МАНУ прва национална енциклопедија?

По тоа што Редакцијата, како што гледам од најавата, е нова (првата ја сочинувавте, колку што се сеќавам, Ти, Стардел и Гане) и е составена исклучително од академици, и што ќе се јават околу 300 автори или пак по фактот дека МАНУ за енциклопедијата, најавена како шесттомна и со одредници само на македонска тема, досега неколку пати добиваше годишно државна финаниска поддршка по милион, а една година годишната поддршка Редакцијата мораше да ги врати, зашто не успеа милионот да го искористи до 31 декември!), а сега наеднаш цели 150.000 евра, и тоа само за два тома! Или овие 150.000 евра се и за превод на англиски на двата тома што треба да се појават или тие средства го опфаќаат и авансот за другите четири тома од шесттомната енциклопедија што ја најавуваш за иднина, ама не за оваа генерација туку тоа ќе треба да го направат идни генерации академици?

И по што, почитуван Блаже, Миановата четиритомна енциклопедија (со повеќе од 12.000 триколонски страници Б5 формат, промотори: академик Таки Фити, академик Владо Камбовски, проф. д-р Јелена Лужина), не е прва национална енциклопедија, туку само издавачки проект од еден мал издавач, ама прове-



100

# опедијата на МАНУ а енциклопедија?

## МАКЕДОНСКИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ ПРОФЕСОРИ, ДОКТОРИ НА НАУКИ, МЛАДИ НАУЧНИ РАБОТНИЦИ И СПЕЦИЈАЛИСТИ ПО ПОВЕЌЕ ОПШТЕСТВЕНИ ДЕЈНОСТИ...



рен и потврден, наградена на Скопскиот саем на книгата со највисоката награда за оригинално научно дело (2006 год.), издавач, кој за издавањето на енциклопедијата, општа и македонска, вложи повеќе од 65.000 евра сопствени средства (може да се провери во ИК банка) и со крајно скромна финансиска поддршка од Министерсвото за култура и во времето на СДСМ, а потоа и на ВМРО-ДПМНЕ, (толку скромна и со такво натегање добиени) како да издававме книги поезија или осредни романчиња што веќе утре се забораваат, а не четири тома од првата македонска енциклопедија!

Реакцијата на МИ-АН нема комплекси од фактот дека во Миановите енциклопедиски и лексикографски изданија не се појавуваат автори-академици. Редакцијата ги поздравувала и ги поздравува и ќе ги поздравува и јавно ќе ги поддржува програмите и напорите за издавање на шесттомна македонска енциклопедија и одобрените финансиски средства со кои Владата (и актуелната и сите наредни влади) ќе го помага издавањето на повеќетомна енциклопедија со македонска содржина, зашто сето тоа ќе оди во прилог на македонската научна мисла и ќе ја афирмира македонската наука, макар што повеќето од сто автори на енциклопедиите на МИ-АН, и јас посебно и лично, сакаме да посочиме на фактот дека погоре посочените британски енциклопедии не ги издала Британската академија на науките и уметностите (не знам дали Англичаните, воопшто, и ја имаат!), туку ги издадоа англиски приватни издавачки куќи, кои сами ги ангажираа авторите и сами го презедоа на себе финансискиот и моралниот ризик.

Не ми е јасно зошто во Твоето интервју не ги спомнуваш и трите досега излезени тома на Миановата хронолошка енциклопедија (првиот том: Сто македонски години, издаден во 2004 год.- прва награда за оригинално научно дело на Скопскиот саем, енциклопедија што ја промовираа академик Цветан Грозданов и академик Георги Старделов, втор том: Македонски деветнаесети век, промотор проф. д-р Владо Поповски, трет том: Македонски среден век VI-XVIII век", промотор проф. д-р Милан Бошковски), енциклопедија со околу дваесетина одредници исклучително на македонска тема, единствена хронолошка енциклопедија на Балканот, колку што ми е мене познато.

Сите Миановi книги издадени досега беа енциклопедии и како такви беа и промовирани и претставени на јавноста, а во многу прикази по медиумите, и електронски и печатени, беа проследени со прекрасни прикази, дури и наречувани не само енцикпедии, туку македоники. А, еве, сега според Твоето интервју излегува дека двата тома на енциклопедијата на МАНУ. кога ќе излеат од печат, ќе бидат први нацнални енциклопедии!

Добро, ако велиш така - нека биде така! Твојата изјава само го потврдува што е речено во Библијата: сѐ е само сута! Меѓутоа, Твојата изјава ги навредува стотината автори на Миановите енциклопедии, главно, млади македонски универзитетски професори, доктори на науки, млади научни работници и специјалисти по повеќе општествени дејности, писатели, проследувачи на ликовниот, книжевниот, театарскиот и музичкиот живот во Македонија, архитекти и други, кои работејќи на нашите енциклопедии, за крајно скромен паричен надомест, знаеја и беа и се убедени, дека со своите заеднички енциклопедиски томови преку МИ-АН, Република Македниија „влегува во редот на земјите и народите што издале енциклопедии и на тој начин направиле енциклопедиска синтеза на своето минато и на својата современост", како што велиш Ти во интервјуто, а јас тоа неколку пати го подвлекував, навремено, во моите искажувања по повод излегувањата на Миановите енциклопедии.

*Со почит и со внимание,*
*Јован Павловски, редактор на Миановите енциклопедии, главен уредник на Книгоиздателството МИ-АН*